Совет на Општина Делчево
Број 09- 913 /2
28.06.2024 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 36.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 28.06.2024 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 16:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Советот, отсутна беше Маја Алексова.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 36.седница на Советот на Општина Делчево, го предложи следниот

**Дневен ред**

-Усвојување на Записник од 35.седница

1. Предлог-Одлука за поддршка на проект во рамките на Територијалната стратегија на програмата Interreg VI-A-ИПА Бугарија-Северна македонија 2021-2027, Специфична цел 1.2 „Развој на атрактивен туристички производ за сите сезони со помош на паметрни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество“;

**Образлагач**:Тони Стоименовски-Советник за планирање на ЛЕР.

2. Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 2.02 и ГП 2.03 со намена А1-домување во куќи, според Извод од ДУП Урбан блок „Пролет 3“ КО Делчево, Општина Делчево т.број 01-01 од јуни 2024 (Детален урбанистички план, Урбан блок „Пролет“ 3 КО Делчево, Општина Делчево донесен со Одлука на Совет бр.07-773 од 04.07.2005, изработувач на проектот е Друштво за трговија, производство, градништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ, увоз-извоз Скопје, Лиценца бр.95 издадена од 14.02.2017 година;

**Образлагач**: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

3.Годишен план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2025 година со Заклучок за давање согласност;

4.Предлог-Одлука за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;

5. Предлог-Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;

**Образлагач:** По точките 3,4 и 5-Горан Димитровски-Директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.

6.Предлог-Одлука за давање на користење и управување објект сопственост на Општина Делчево ;

7.Предлог-Одлука за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;

8. Годишен план за вработување на ООУ „Ванчо Прке“ за 2025 година со Заклучок за давање согласност;

9. Предлог-Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

**Образлагач:** По точките 7,8 и 9- Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

10.Предлог-Одлука за определување на приоритет за проектот;

11. Предлог-Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна

Македонија и Европска инвестициска банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот **Подобрување на водната инфраструктира на Општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ" бр. 203/2022)** и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот "Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија" ("Службен весник на РСМ" бр. 166 од 4.08.2023),меѓу Општина Делчево и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија;

12. Предлог-Одлука за сопствено учевство и одобрување на финансиски средства на Општина Делчево за реализација на проектот „**Регулација на коритото на река Брегалница во централното подрачје**;

**Образлагач**: По точките 10,11 и 12-Тони Вангеловски-Советник за уредување на градежно земјиште и заштита на ЖС.

13. Локална стратегија за млади на Општина Делчево 2024-2027 со Одлука за усвојување;

**Образлагачи:** Зоран Биковски, претставник на Организација ЖЕНА Делчево и Милена Багевска претставник од Општина Делчево.

14. Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за периодот од 01.01.2024 до 31.03.2024 година со Заклучок за усвојување;

15. Предлог-Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2024;

**Образлагач:** По точките 14 и 15-Ана Ситновска Димитровска-раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци.

16. Разгледување на Барање од Здружение еколошко друштво ГОЛАК 2022-Делчево;

(Барањето беше повлечено на продолжението на 36.седница од 01.07.2024)

17. Разгледување на Барање бр.09-893 од 14.06.2024 поднесено од Советничка група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција Обнова за Македонија;

18. Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученци на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Процедурално за збор се јави Иван Гоцевски кој побара во иднина да не се ставаат на дневен ред точки од Оделенија/сектори и институции кои не одговараат на советнички прашања.

За збор се јави Сашко Ивановски која побара по итна постапка на дневен да се стави точка за разгледување на актуелната состојба/проблем со водоснабдувањето во с. Ѕвегор бидејќи на 40 степени температура луѓето се соочуваат со немање вода и неможност за обавување на своите основни навики и потреби.

„Жално и срамно е жителите на село Ѕвегор на 40 степени да немаат вода за пиење и за основни хигиенски навики и затоа бараме под итно да се стави точката на дневен ред, да се формира Кризен штаб, да се одржи седница на Комисијата за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Делчево и да се преземат соодветни мерки. Ние како советници и како совет мора да се заложиме да се изнајде решение за овој проблем", истакна тој.

Тој побара предлогот за дополнување на дневниот ред да биде ставен на гласање.

Претседателот на Советот рече дека без писмен материјал или без изготвени предлог заклучоци, не може да се расправа по било која точка и да се одлучува.

Претседателот на Советот го стави предлогот на Сашко Ивановски на гласање.

Со 7 гласа „ЗА" и 7 „ВОЗДРЖАНИ" предлогот не беше прифатен.

За збор се јави претседателот на Советот кој рече дека денес преку архивата на Општина Делчево било доставено барање од Гоце Вучковски од с. Драмче за финансиска помош при што од

негова страна беше прочитано целото барање во кое се наведува дека била опожарена нивната семејна куќа во с. Драмче. Бидејќи како семејство се во лоша материјална положба бараат од Советот да им помогне со финансиски средства.

Овој предлог за дополнување на дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ предлогот за дополнување на дневниот ред беше прифатен.

На гласање беше ставен дневниот ред со дополнувањет.

Со 14 гласа „ЗА“ истиот беше усвоен.

Беше отворена расправа по Записникот од 35.седница.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека прашањата кои се доставени до секторот за финансии од страна на советниците на ВМРО ДПМНЕ, а на кои нема одговор од страна на раководителот на Секторот и на градоначалникот, ги има нотирано и во самиот Записник на страна 6 и 7.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по записникот беше затворена и истиот беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 35.седница.

**Прва точка-Предлог-Одлука за поддршка на проект во рамките на Територијалната стратегија на програмата Interreg VI-A-ИПА Бугарија-Северна македонија 2021-2027, Специфична цел 1.2 „Развој на атрактивен туристички производ за сите сезони со помош на паметрни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество“;**

Образлагач по оваа точка беше Тони Стоименовски-Советник за планирање на ЛЕР кој истакна дека со оваа Одлука се дава поддршка за развој и спроведување на проект по програмата Interreg VI-A ИПА Бугарија - Северна Македонија 2021 - 2027, Специфична цел 1.2 „Развој на атрактивен туристички производ за сите сезони со помош на паметни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество“ грант средства обезбедени од ЕУ. Тој истакна дека проектот е партнерски проект со Здружение „Регионален центар за застапуванье“, општина Благоевград, ЕТ „Здравка Чимева – Алфатур“,од Република Бугарија, и се однесува на изградба на скејт парк во Делчево и Регулација на коритото на река Брегалница во централното градско подрачје на град Делчево од стационажа 0+000м до стационажа 0+300 м. (Специфична цел 1.2 „Развој на атрактивен туристички производ за сите сезони со помош на паметни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество“).Општина Делчево е партнер во проектот и ќе ги обезбеди неопходните ресурси: човечки, финансиски и технички за развој и спроведување на овој проект согласно националното законодавство и барањата и условите во Програмата Interreg VI-A ИПА Бугарија - Северна Македонија 2021 - 2027. Исто така, Општина Делчево се обврзува дека целокупната инфраструктура и опрема која ќе биде изградена и набавена како резултат на проектот од член 2 ќе биде искористена за целите и намената на проектот без никаков надомест најмалку 5 (пет) години после завршувањето на проектот. Вредноста на проектот е 400.000 евра и со него се предвидуваат 2 инфраструктурни проекти во Делчево:регулација на речното корито на Брегалница во должина од 300м (лева и десна страна на Брегалница, на поетгот кај новата црква ) и изградба на скејт парк. Со реализацијата на овој проект ќе се зголеми површинаа на зелени површини (паркови) и ќе се збогати туристичката понуда на регионот. Во Благоевград со овој проект се планира реконструкција на астрономски парк. Доколку имате прашања, повелете рече тој.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за поддршка на проект во рамките на Територијалната стратегија на програмата Interreg VI-A-ИПА Бугарија-Северна македонија 2021-2027, Специфична цел 1.2 „Развој на атрактивен туристички производ за сите сезони со помош на паметрни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество“.

**Втора точка-Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 2.02 и ГП 2.03 со намена А1-домување во куќи, според Извод од ДУП Урбан блок „Пролет 3“ КО Делчево, Општина Делчево т.број 01-01 од јуни 2024 (Детален урбанистички план, Урбан блок „Пролет“**

**3 КО Делчево, Општина Делчево донесен со Одлука на Совет бр.07-773 од 04.07.2005, изработувач на проектот е Друштво за трговија, производство, градништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ, увоз-извоз Скопје, Лиценца бр.95 издадена од 14.02.2017 година;**

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој истакна дека станува збор за приватна иницијатива, инвеститорот има купено две градежни парцели и сака да ги спои во една за да изгради поголем објект. Постапката во е-урбанизам се води/трае веќе 2 месеци. Од Советот се бара согласност, односно донесување на оваа одлука од причини што станува збор за измена на ДУП. Ако има прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 2.02 и ГП 2.03 со намена А1-домување во куќи, според Извод од ДУП Урбан блок „Пролет 3“ КО Делчево, Општина Делчево т.број 01-01 од јуни 2024 (Детален урбанистички план, Урбан блок „Пролет“ 3 КО Делчево, Општина Делчево донесен со Одлука на Совет бр.07-773 од 04.07.2005, изработувач на проектот е Друштво за трговија, производство, градништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ, увоз-извоз Скопје, Лиценца бр.95 издадена од 14.02.2017 година;

За збор се јави Кирил Тренчевски координатор на Советничката група на СДСМ и побара пауза.

Претседателот на Советот даде пауза од 5 минути.

По паузата претседателот на Советот ја прекина 36 седница на Советот и закажа продолжение на истата за 01.07.2024 година, со почеток во 10:00 часот.

**Записникот го водела**
**Снежана Трајкова**